# Дневна хемеротека за *14.09.2016г.*

## Либертас - *Прва работна средба на министерот Амети со амбасадорот Бејли*

ЛИБЕРТАС

# Прва работна средба на министерот Амети со амбасадорот Бејли

13.09.16 18:33
Прочитано : 62

Министерот за животна средина и просторно планирање Башким Амети денеска оствари прва работна средба со амбасадорот на САД Џес Бејли.



На средбата се разговараше за унапредување на соработката на полето на животната средина при што беа разгледани можностите за заеднички пристап кон решавање на стратегиските цели: заштита на природните вредности, подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух, развивање зелени агенди за локални стратегии за климатски промени, како и други теми значајни за заштитата на животната средина.

Како што соопшти Министерството, Амети искажа посебна благодрност за досегашната поддршка од страна на Американската амбасада и за континуираната помош во развивањето на плановите и програмите за подобрување на квалитетот на животната средина.

## Сител - [Прва работна средба на министерот Амети со амбасадорот Бејли]

Министерот за животна средина и просторно планирање Башким Амети денеска оствари прва работна средба со амбасадорот на САД Цес Бејли. На средбата се разговараше за унапредување на соработката на полето на животната средина при што беа разгледани ..

## Lider - [Прва работна средба на министерот Амети со амбасадорот Бејли]

Министерот за животна средина и просторно планирање Башким Амети денеска оствари прва работна средба со амбасадорот на САД Цес Бејли. На средбата се разговараше за унапредување на соработката на полето на животната средина при што беа разгледани ...

## Aktuale.mk - *Ameti realizoi takim me ambasadorin Bejli (FOTO)*

aktuale.mk
...për të qenë dhe Ti aktual!



# Ameti realizoi takim me ambasadorin Bejli (FOTO)

on: 13/09/2016 In: Aktuale, Maqedoni, Top lajm

Ministri Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Bashkim Ameti, sot, e realizoi takim pune me ambasadorin e Shteteve të Bashkuara të Amerikës në R. e Maqedonisë E.T. Xhes Bejlli.

Në këtë takim u diskutua për avancimin e bashkëpunimit në fushën e mjedisit jetësor ku shqurtuan mundësitë për çështjen e përbashkët të qëllimeve strategjike siç janë: mbrojtja e vlerave natyrore, përmirësimi i cilësisë së ajrit ambiental, zhvillimi i agjendave të gjelbëra të strategjive lokale për ndryshimet klimatike si dhe temat tjera që janë të rëndësishme në fushën e mbrojtjes së mjedisit jetësor, njofton Aktuale.mk.

Ministri Ameti u falënderua për mbështetjen të cilën deri më tani Ambasada amerikane ia dha Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor si dhe ndihmën në zhvillimin e planeve dhe programeve të ardhshme me qëllim përmirësimi i cilësisë së mjedisit jetësor.





## Almakos - *Ministri Ameti takoi Ambasadorin e SHBA-së në Shkup, Bejli*

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Bashkim Ameti, sot, e realizoi takimi pune me ambasadorin e Shteteve të Bashkuara të Amerikës në Maqedoni E.T. Xhes Bejlli. Në këtë takim u diskutua për avancimin e

## Portalb - *Ministri Ameti takoi Ambasadorin e SHBA-së në Shkup, Bejli*

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Bashkim Ameti, sot, e realizoi takimi pune me ambasadorin e Shteteve të Bashkuara të Amerikës në Maqedoni E.T. Xhes Bejlli. Në këtë takim u diskutua për avancimin e

## Flaka - *Ameti takoi ambasadorin Bejli: Avancim i bashkëpunimit në fushën e mjedisit jetësor*

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Bashkim Ameti, sot, e realizoi takimi pune me ambasadorin e Shteteve të Bashkuara të Amerikës në Maqedoni E.T. Xhes Bejlli. Në këtë takim u diskutua për avancimin e

## Zhurnal - *Ministri Ameti sot realizoi takim me Ambasadorin e SHBA-së në Shkup, Bejli*

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Bashkim Ameti, sot, e realizoi takimi pune me ambasadorin e Shteteve të Bashkuara të Amerikës në R. e Maqedonisë E.T. Xhes Bejlli. Në këtë takim

## OhridNews - [Се чистат речните корита, апел во нив да не се фрла отпад]

OHRIDNEWS.com информирај се

### Се чистат речните корита, апел во нив да не се фрла отпад

Вести | Охрид | 13.09.2016 14:18 Посети : 736

Од локалната самоуправа информираат дека во тек е акцијата за чистење на речните корита и канали на територијата на општина Охрид. Денес се работи на чистење на коритото на река Сушица, по што ќе следи чистењето и проширувањето на река Коселска и нејзините дотеци. Во чистењето се вклучени екипи и механизација на ЈП „ Охридски комуналец“.



За чистење на речните корита и канали согласно Развојната програмата „Други комунални услуги“ за 2016-2018 година, Општина Охрид од својот буџет има издвоено 4 милиони денари, а за механизацијата што се користи на терен обезбедени се 4 тони нафта, поддршка од Министерството за животна средина на Македонија.

Надлежните служби апелираат до охриѓани да не фрлаат отпад во исчистените и проширени речни корита и канали. Во спротивно ќе следат соодветни законски санкции.

**Алсат-М - *Работите за поставување филтри во „Југохром“ би можеле да стартуваат од петок***

# Работите за поставување филтри во „Југохром“ би можеле да стартуваат од петок

15:38, 13 септември




Иако неофицијално, од металуршкиот комбинат „Југохром“ велат дека до петок се очекува да започнат работите за поставување на филтрите.

Фабриката веќе ги има завршено сите процедури, вклучувајќи ги и неопходните договори и исплатата кон француската фирма која ќе ги гради филтрите. Веста за Алсат-М ја соопшти еден од шефовите на одделенијата во „Југохром“, но одби да се произнесе пред камерите.

Истиот извор соопшти и дека работите за изградба на филтрите ќе траат најмалку шест месеци. Инаку, последниот рок кој го постави Владата за поставување на филтрите, истекува на 31 октомври.

Генералниот директор на „Југохром", пред некое време изјави дека работите треба да започнат во месец јуни, со цел филтрите да почнат да функционираат во предвидениот рок.

Но, ниту овој рок, како и многу други во минатото, не беше испочитуван. Алсат-М денеска се обиде да добие изјава и од Општина Јегуновце, каде и се наоѓа фабриката, но безуспешно.

Информации за овој проблем не даваат ниту од Општина Јегуновце. Иако се обидовме утрово телефонски да закажеме термин за интервју, такво нешто не се случи.

Инаку, и денеска на екипата на телевизија Алсат-М ѝ беше забрането да снима во близина на фабриката без дозвола од администрацијата на „Југохром", која со денови и понатаму е затворена за медиумите и јавноста.

Башким Сулејмани

**Lajm Press - *“Jugohrom”, 31 tetori afati i fundit për vendosjen e filtrave***

Lajm

# “Jugohrom”, 31 tetori afati i fundit për vendosjen e filtrave

By Lajmpress

E postuar më 13-09-2016, 16:07




Ndonëse jozyrtarisht, nga kombinati metalurgjik Jugohrom theksojnë se të deri të premten pritet të fillojnë punimet për vendosjen e filtrave. Fabrika tashmë ka përfunduar të gjithë procedurat përfshirë kontratat e nevojshme dhe pagesën ndaj firmës franceze që do ti ndërtojë filtrat. Lajmin për Alsat M e bëri të ditur njëri nga shefat e reparteve në Jugohrom, por refuzoi të prononcohej para kamerave. Burimi i njejtë njoftoi gjithashtu se punimet për ndërtimin e filtrave do të

zgjasin të paktën shtatë muaj. Ndërkaq afati i fundit që caktoi qeveria për vendosjen e filtrave skadon më 31 tetor. Drejtori i përgjithshëm i Jugohromit kohë më parë pati deklaruar se punimet do të fillonin në muajin qershor, me qëllim që funksionimi i tyre të fillonte të afatin e parashikuar. Por as ky afat sikur shumë të tjera në të kaluarën nuk u respektuan.

Alsat M tentoi sot të marr prononcim edhe nga Komuna e Jegunovcit ku gjendet fabrika, por pa sukses.

"Informata për problemin në fjalë nuk japin as nga Komuna e Jeguncit, edhe pse tentuam që në mëngjes përmes telefonit që të caktojmë një termin për të zhvilluar intervistë një gjë e tillë nuk ndodhi".

Përndryshe, ekipit të televizionit Alsat M, edhe sot iu ndalua që të incizojë në afërsi të fabrikës, pa pasur leje nga administrata e Jugohromit, e cila prej ditësh vijon të mbetet e mbyllur për mediat dhe opinionin.




## Alsat M - *"Jugohrom", 31 tetori afati i fundit për vendosjen e filtrave*

Ndonëse jozyrtarisht, nga kombinati metalurgjik Jugohrom theksojnë se të deri të premten pritet të fillojnë punimet për vendosjen e filtrave. Fabrika tashmë ka përfunduar të gjithë procedurat përfshirë kontratat e ..

# Останати новости од областа животна средина

## Тера - [Битола најзагаден град во Европа]

# Битола најзагаден град во Европа

Вести Актуел Сеп 13, 2016 0



НУМБЕО е веб страница која изработува светски идекси во многу области од живеењето. Во делот за загадувањето Битола е на прво место во полугодишниот извештај за оваа година.

*Chart: Pollution Index*

Select Region: Eastern Europe | Northern Europe | Southern Europe | Western Europe

Search:

| Rank | City | Pollution Index | Exp Pollution Index |
|---|---|---|---|
| 1 | Bitola, Macedonia | 85.02 | 154.30 |
| 2 | Skopje, Macedonia | 80.18 | 152.56 |
| 3 | Turin, Italy | 77.26 | 142.52 |
| 4 | Kiev, Ukraine | 75.54 | 134.90 |
| 5 | Barcelona, Spain | 70.58 | 124.24 |
| 6 | Bucharest, Romania | 70.53 | 123.57 |
| 7 | Krakow (Cracow), Poland | 69.06 | 134.25 |
| 8 | Rome, Italy | 67.73 | 124.14 |
| 9 | Brussels, Belgium | 66.88 | 118.00 |
| 10 | Paris, France | 66.09 | 116.61 |
| 11 | Milan, Italy | 66.09 | 118.88 |
| 12 | Saint Petersburg, Russia | 65.84 | 113.51 |
| 13 | Marseille, France | 65.33 | 117.53 |
| 14 | Sarajevo, Bosnia And Herzegovina | 65.24 | 121.12 |
| 15 | Moscow, Russia | 64.89 | 113.72 |
| 16 | Athens, Greece | 63.89 | 116.41 |
| 17 | Chisinau, Moldova | 63.22 | 110.26 |
| 18 | Plovdiv, Bulgaria | 61.62 | 111.14 |
| 19 | Wroclaw, Poland | 61.24 | 107.70 |
| 20 | Thessaloniki, Greece | 60.72 | 105.75 |
| 21 | Belgrade, Serbia | 60.51 | 105.43 |

На прво место на оваа листа е Битола со индекс 85.02. Втор град по загаденост во Европа е Скопје со индекс 80.18. Тетово на оваа листа го нема, а во претходни извештаи се споменуваше. Од балканските градови до десеттото место се наоѓа и Сараево. Пред Сараево според нивото на загаденост се и Барселона во Шпанија, Рим во Италија, Краков во Полска и Киев во Украина.

## Скопје инфо - *Билборд ќе го прочистува воздухот во Скопје*

skopjeinfo.mk
АЗБУКАТА НА ГРАДОТ

# Билборд ќе го прочистува воздухот во Скопје

Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-свест во соработка со Германската амбасада, Градот Скопје и македонски и странски компании - донатори, обезбеди инсталација на City Tree - иновативниот и патентиран зелен билборд кој го прочистува воздухот во Скопје и Тетово.



По повод почнувањето на проектот, денеска на конференција за медиуми ќе се обратат амбасадорката на Германија Кристине Д. Алтхаузер, Ана Чоловиќ Лешоска од Еко-свест и претставник од Град Скопје.

Според Еко-свест, главна цел на проектот е да се подигне свеста кај граѓаните, експертите, надлежните институции и бизнисите за потребата да се делува на поле на квалитетот на воздухот, за придобивките од иновативниот проект City Tree и воопшто, за квалитетот на воздухот во Република Македонија.

## +инфо - Србија ќе добие еден милион евра од ЕУ за борба против климатските промени

+инфо
www.plusinfo.mk



# Србија ќе добие еден милион евра од ЕУ за борба против климатските промени

**Вкупната помош на ЕУ за Србија, која е наменета за животната средина од 2000 до 2016 година е околу 700 милиони евра**

МИА • 17:39 13 септември 2016 • Прочитано 384

ЕУ преку претпристапните фондови ќе финансира еден милион евра за проект во Србија, насловен како „Стратегија за климатските промени со план за дејствување“ и ќе трае 18 месеци.

На конференција во Стопанската комора на Србија е истакнато дека целта на проектот е да се подготви стратегија за борба против климатските промени и план за дејствување на Министерството за земјоделство и заштита на животната средина.

Шефот на делегацијата на ЕУ во Србија, Мајкл Девенпорт изјави дека приоритет на ЕУ е намалување на последиците од климатските промени, додавајќи дека Србија е важен партнер во тој однос. Тој нагласи дека ЕУ има обврска да ја намали емисијата на штетни гасови со ефект на стаклена градина за 20 отсто до 2020 година, а до 2050 година тоа намалување да достигне над 80 проценти.

Вкупната помош на ЕУ за Србија, која е наменета за животната средина од 2000 до 2016 година е околу 700 милиони евра, а планираната идна помош во таа област се оценува на 42,5 милиони евра

## Факултети - *Весникот што се претвора во растение*

Fakulteti.mk
споделени знаење, споделени информација

# ВЕСНИКОТ ШТО СЕ ПРЕТВОРА ВО РАСТЕНИЕ

Наутро со утринското кафе, си читате весник. Потоа, весникот го засадувате во вашата градина - и добивате растение!



Овој неверојатен весник се продава во Јапонија. Интересна замисла која е еколошка и пригодна за животната средина. Уште еден доказ дека Јапонците навистина мислат на заштитата на животната околина. Весникот е изработен од рециклирачки материјал и зеленчукови сегменти. По читањето можете да го засадите и да никне нов производ во вашата градина. Во Јапонија уште го нарекуваат зелен весник.

На пазарот е присутен веќе неколку години. Се работи за мешавина на рециклирачка хартија, вода и малечки цвеќиња или семиња од зачини. по читањето се дели на помали парчиња и се засадува. Се разбира, редовно треба да се наводнува за да вроди со плод.




Овој весник се продава во четири милиони копии дневно, а заработката е голема. Идејата била да се зголеми свесноста за зачувување на животната средина и да се даде придонес во справувањето со глобалните еколошки проблеми.